# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 30 Март 2022 година Скопје Бр.5 Год. XVII |
|---|---|

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309


*Содржина:*


1. Одлука за намера за реализација на проекти со заем од Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) и овластување за потпишување на Иницијален договор ……,..стр.2
2. Одлука за утврдување на потреба за издвојување финансиски средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров ……………………………………………………………………………,………стр.4
3. Одлука за измена на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Ѓорче Петров ………………………………………………………………………стр.6
4. Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и градот Скопје за реконструкција и хортикултурно уредување на јавни зелени површини ……………………………………………………………………………………………………………стр.8


Март 2022 година

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за намера за реализација на проекти со заем од Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) и овластување за потпишување на Иницијален договор**

**Се објавува Одлуката за намера за реализација на проекти со заем од Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) и овластување за потпишување на Иницијален договор, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на 11-та седница на Советот, одржана на ден 30.03.2022 година.**

**Број 09-730/1**
**од 30.03.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 20 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Р.С Македонија" бр. 244/19, 53/21, 77/21 и 150/21) и член 4 од Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 88/08, 35/11, 139/14 и „Службен весник на Р.С Македонија" бр. 98/19 и 151/21), советот на Општина Ѓорче Петров на 11-та седница одржана на 30.03.2022 година донесе**

## О Д Л У К А
## за намера за реализација на проекти со заем од Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) и овластување за потпишување на Иницијален договор

**Член 1**

**Со одлуката се утврдува намерата за реализација на проекти по пат на долгорочно домашно задолжување на Општина Ѓорче Петров, кое се реализира преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии во рамки на средствата обезбедени со Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, со цел финансирање на енергетски ефикасни активности во објекти (проекти): За поставување фотоволтаични системи, енергетски-ефикасни фасади (изолација на надворешни ѕидови) и системи за ладење и греење (топлински/термални пумпи) во објекти на основни училишта на територија на Општина Ѓорче Петров.**

**Член 2**

**По прифаќање на предложените проекти од страна на Министерството за финансии (ПСЕЕП единицата), се овластува градоначалникот во име на Општина Ѓорче Петров да го потпише Иницијалниот договор согласно условите од Јавниот повик.**

**Член 3**

**Условите на задолжувањето се утврдуваат по одобрувањето на проектите од страна на Министерството за финансии согласно условите наведени во Јавниот повик.**

**Член 4**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Ленче Нелоска с.р.**

**Број 08-676/3**
**Од 30.03.2022 год.**
**Скопје**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за утврдување на потреба за користење финансиски средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров**

**Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за користење финансиски средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на 11-та седница на Советот, одржана на ден 30.03.2022 година.**

**Број 09-730/2**
**од 30.03.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 36 став 1 и 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" број 3/19 и 5/21), советот на Општина Ѓорче Петров на 11-та седница одржана на ден 30.03.2022 година донесе**

## О Д Л У К А
## за утврдување на потреба за користење финансиски средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров

### Член 1

**Со одлуката се утврдува потреба од користење на 2.000.000,00 денари од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2022 година, за решавање на проблемот со одведување на водата која извира во месноста Стопански двор Волково и чистење на каналите за одводнување во населените места во општината.**

### Член 2

**Се овластува градоначалникот да може да склучи договор со АД Водостопанство во државна сопственост – Подружница Скопско Поле Скопје, со кој се регулираат правата и обврските на двете договорни страни во врска со решавање на проблемот со подземната изворска вода во месноста Стопански двор Волково и чистењето на каналите за одводнување во населените места во општината.**

### Член 3

**Со договорот по детално треба да се регулираат правата и обврските на двете договорни страни околу начинот на извршување на работите и начинот на плаќање.**

### Член 4

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

**Број 08-676/4**
**Од 30.03.2022 год.**
**Скопје**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Ѓорче Петров**

**Се објавува Одлуката за измена на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на 11-та седница на Советот, одржана на ден 30.03.2022 година.**

**Број 09-730/3**
**од 30.03.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 36 став 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а согласно Одлуката на Уставниот суд на Република Северна Македонија број 109/21 од 02.03.2022 година, советот на Општина Ѓорче Петров на 11-та седница одржана на ден 30.03.2022 година, донесе**

**О Д Л У К А**
**за измена на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

**Се врши измена на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.4/15) и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.5/20), на начин што:**

**Се брише членот 75 од Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.4/15).**

**Се брише членот 8 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.5/20).**

**Член 2**

**Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**

**Број 08-676/5**
**Од 30.03.2022 год.**
**Скопје**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.3/19 и 5/21), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Градот Скопје за реконструкција и хортикултурно уредување на јавни зелени површини**

**Се објавува Одлуката за за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Градот Скопје за реконструкција и хортикултурно уредување на јавни зелени површини, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на 11-та седница на Советот, одржана на ден 30.03.2022 година.**

**Број 09-730/4**
**од 30.03.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

**Врз основа на член 36, а во врска со член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“, бр. 5/02), член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.18/13) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 13/19 и 5/21), советот на Општина Ѓорче Петров на 11-тата седница одржана на ден 30.03.2022 година, ја донесе следната**

## О Д Л У К А
## за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и градот Скопје за реконструкција и хортикултурно уредување на јавни зелени површини

**Член 1**

**Со оваа Одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Град Скопје и се уредува начинот, условите, финансирањето и други прашања заради остварување на заедничка цел и интерес за реконструкција и хортикултурно уредување на јавни зелени површини во надлежност на Општина Ѓорче Петров.**

**Член 2**

**Градот Скопје во остварувањето на соработката учествува со финансиски средства обезбедени од Буџетот на Град Скопје-Програма ЈМ0 482930 во период 2022-2023 година, во износ од 10.000.000,00 денари за реконструкција и хортикултурно уредување на постоечки зелени парковски површини и садење на нови садници и цвеќе.**

**Член 3**

**За реализација на одлуката се овластува градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да склучи договор со градоначалникот на Град Скопје, во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.**

**Член 4**

**Одлуката стапува на сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-676/6**
**Од 30.03.2022 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Ленче Нелоска с.р.**